**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА РЕСЕН**
Бр. 16- 1830/4
од 05 .10.2022 год.

Врз основа на член од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр 32/2020), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 71 став 1 и точка 16 од статутот на Општина Ресен, и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Ресен, за 2022 година со заклучок бр. 09-2499/30 од 14.12.2021 година и дополна на програмата со заклучок бр. 09-1048/8 од 28.04.2022 година донесени од Советот на Општина Ресен, градоначалникот на Општина Ресен го дава следното

# СООПШТЕНИЕ

За организација на Јавна презентација и јавна анкета по предлог проект за Урбанистички проект (УП ) ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13- ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ – на КП 2508/1 и КП 2682, КО РЕСЕН ВОН ГРАД, м.в. „Доброво“,Општина Ресен. со тех.бр. У-22/22 од јули 2022 година, изработен од страна на Биро за урбанизам ДООЕЛ Битола.

Границите на планскиот опфат за КП 2508/1 и КП 2682, КО РЕСЕН ВОН ГРАД, м.в. „Доброво“ ,Општина Ресен се следните катастарски парцели: На север граничи со дел од катастарската парцела КП 2413 КО Ресен вгр, на исток граничи со катастарските парцели КП 2508/2 и КП 2452 КО Ресен вгр, на југ граничи со катастарските парцели КП 2507/1 и КП 6192/2 КО Ресен и на запад граничи со катастарските парцели КП 2683, КП 2684, КП 2685, КП 2686, КП 2688 и КП 2689/1 КО Ресен вгр.

Вкупна површина на проектниот опфат е приближно околу 1.45 ха.

Јавната анкета и јавната презентација по предлог проектот, ќе се спроведе со излагање на Урбанистички проект (УП ) ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СО НАМЕНА Е1.13- ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ – на КП 2508/1 и КП 2682, КО РЕСЕН ВОН ГРАД, м.в. „Доброво“,Општина Ресен. со тех.бр. У-22/22 од јули 2022 година, изработен од страна на Биро за урбанизам ДООЕЛ Битола

Јавната анкета ќе трае 5 (пет) работни дена со почеток од 19.10.2022 година.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да составуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови и истите да ги достават до Општината секој работен ден од 09 до 15 часот.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на 19.10.2022 година во12 $^{00}$ часот, во малата сала на Општина Ресен.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Јован Тозиевски